РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 03-3585/1
19.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Прв седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година што се однесува на периодот од 10 до 17 август 2025 година.

Ве известуваме дека мониторингот на известувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања започна со анализа на програмата емитувана на 10 август, наредниот ден по распишување на изборите, на девет телевизиски програмски сервиси на државно ниво и тоа: МРТ1, МРТ 2, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ 24 Вести. Овие телевизии имаат најголем просечен дневен досег до публиката, додека сите останати програмски сервиси ќе се мониторираат врз основа на претставки.

Истиот ден, Агенцијата ги потсети радијата и телевизиите за обврските од Изборниот законик што важат во периодот од распишување на изборите до започнување на изборната кампања, и на својата веб страница постави банер со материјали поврзани со изборниот процес – законски и подзаконски акти, образец за претставки и сл. Банерот ќе биде достапен на македонски, албански и на англиски јазик, и континуирано ќе се ажурира во текот на изборниот процес.

Неделава се активираше и Координативното тело за постапување по претставки врз основа на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Поединци, институции, невладини организации, политички партии или независни кандидати, можат да поднесат жалба до Координативното тело, доколку сметаат дека во врска со изборниот процес се шират дезинформации, говор на омраза, дискриминација, злоупотреба на личните податоци или пак прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите. Електронската адреса за поднесување претставки е: koordinativnotelozaizbori@avmu.mk.

Координативното тело е составено од претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Фондацијата

„Метаморфозис“. За координаторка е избрана Билјана Георгиевска, директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија, а заменичка - координаторка е Оливера Војновска од Фондацијата Метаморфозис.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**